CIVICA MOBILITAS

ПОСТИГНУВАЊАТА НА ГРАНТИСТИТЕ НА ЦИВИКА МОБИЛИТАС

АКЦИСКИ ГРАНТОВИ

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ПОСТИГНУВАЊАТА НА ГРАНТИСТИТЕ НА ЦИВИКА МОБИЛИТАС: АКЦИСКИ ГРАНТОВИ

Издавач
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

За издавачот
Александар Кржаловски, в.д. директор

Автори
Јелмаз Дервиши и Кристина Весиќ

Подготовка и дизајн
Борис Ристовски

https://civicamobilitas.mk
https://facebook.com/civicamobilitas

Благодарност

Им благодариме на одговорните и тимовите во организациите кои ги спроведоа акциски грантови и ги подготвија извештаите кои беа основа за создавање на секоја од приказните: Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ), Хендикеп плус – Група за поддршка на хендикепирани лица, Балкан економик форум, Институт за општествен и хуманистички науки, Медиа плус, Центар за одржлив развој на заедницата, Зелена лупа, Социјални работници на град Скопје, Женска граѓанска иницијатива Антико, Платформа за истражувачко новинарство и анализи – ПИНА, Евротинк – Центар за европски стратегии, ХОПС-Опции за здрав живот, Финанце Тхинк-Иснститут за економски истражувања и политики, Ајде Македонија – Асоцијација за чиста животна средина, Бравура кооператива, Мировна акција, Балкански институти за регионална соработка -БИРС, Македонско пенолошко друштво, Здружение за истражување и анализи -ЗМАИ, Македонија 2025, Македонски институт за медиуми (МИМ), Центар за климатски промени, ХДЗР Месечина, Здружение на граѓани за промоција на женската активност ТИИИИТ! ИНК., Акција здруженска, Еколошко друштво ЗДРАВЕЦ 2002, Научна фондација СПИРОСКИ, Здружение за дигитални иновации и трансформации ХАБ, НЕКСУС-Граѓански концепт, НВО Инфоцентар.

Македонски центар за меѓународна соработка

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Издавањето на оваа публикација е овозможено од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска.

Текстовите објавени во оваа публикација ги изразуваат погледите на авторките и/или организациите кои придонесоа кон нив, но не оние на Амбасадата на Швајцарија/Швајцарската агенција за развој и соработка или оние на организациите спроведувачи: НИРАС, МЦМС или ФЦГ.

АКЦИИ ЗА ДИЈАГНОСТИЦИРАЊЕ НО, И ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ

Гледајќи ги постигнувањата од акциските грантови на Цивика мобилитас, всушност гледаме пресек на општествените предизвици. Но, не само тоа, преку нив ги гледаме и потенцијалните решенија на тие предизвици. Грантистите на Цивика мобилитас не се занимавале само со дијагностика на проблемите, тие заедно со неа, понудиле и решенија, а дел од нив ги тестирале со ресурсите кои им биле на располагање. Такви има повеќе, ама само за да го разбудиме интересот еве неколку примери:

Тиит Инк! беа револуционерни во дијагностицирањето на проблемот со менструалната сиромаштија. Никој не зборуваше за тоа, ниту пак некому му паднало на памет да истражи со што се соочуваат девојките и жените за време на нивниот циклус. Го разбудија интересот, предизвикаа чудење, па неверување, па прифаќање на проблемот и на крај, покрај издвоените средства од буџетот на Град Скопје за средните училишта, Владата реши да го намали данокот на хигиенските влошки и така да влијае на намалувањето на менструалната сиромаштија. Некои од овие постигнувања излегоа од рамките на проектот, но, основата беше поставена, а тимот на организацијата продолжи да „притиска“ за да се направат систематски промени.

Зелена лупа решија да се зафатат со заживување на Законот за пробација. Предизвик за целиот правосуден и казнено-поправен систем – закон има, едноставно не функционира. Тие почнаа од Струмица. Создадоа инфраструктура, односно координативно тело со сите засегнати институции. Работеа со осудените лица и за нив, во соработка со институциите, организираа обуки. Благодарение на тоа, осудените лица пред да им заврши казната затвор добија лиценци за занаетот што го учеа, а двајца од нив се вработија. Така изградија добра пракса со која придонесоа во рехабилитацијата на осудените лица и покажаа како може да функционира Законот.

Цивика мобилитас поддржа 31 акциски грантови во периодот од 2019 до 2022 година. Тие беа насочени кон различни региони и различни теми, без исклучок интересни и актуелни.

АЈДЕ МАКЕДОНИЈА	АКЦИЈА ЗДРУЖЕНСКА	БИРС
БРАВУРА КООПЕРАТИВА	ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ГЕВГЕЛИЈА	ФАЈНАНС ТИНК
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА	ИННО-ХАБ СКОПЈЕ	МАКЕДОНИЈА 2025
НЕКСУС ГРАЃАНСКИ КОНЦЕПТ	НВО ИНФОЦЕНТАР	МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО
НАУЧНА ФОНДАЦИЈА СПИРОСКИ	ТИИИИТ!	ЗМАИ
АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКА ИНИЦИЈАТИВА	АНТИКО	БАЛКАН ЕКОНОМИК ФОРУМ
ЦЕНТАР ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА ДЕБАР	ЕВРОТИНК	ХЕНДИКЕП ПЛУС
ХОПС	ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ	МЕДИА ПЛУС ШТИП
МИМ	МИРОВНА АКЦИЈА	ПИНА
ЗДРАВЕЦ 2002	ЗЕЛЕНА ЛУПА	ЗДРУЖЕНИЕ НА СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ НА ГРАД СКОПЈЕ

АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА АЈДЕ МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ

ОДРЖЛИВА МРЕЖА ЗА СПАСУВАЊЕ ХРАНА

1 јуни 2020г. – 30 ноември 2021г.

1.528.630 МКД

59.435 кг храна спасена од отпад

Обезбедени 198.115 оброци во вредност од 163.714 евра

Спречена емисија на 297.173 кг CO2 гасови

Соработка со бизнис секторот, локалната самоуправа и граѓанскиот сектор

„Успеавме да спасиме 59.435 кг храна која заврши на трпезата на нашите сограѓани наместо во отпад. Обезбедивме 198.115 оброци во вредност од 163.714 евра и спречивме емисија на 297.173 кг CO2 гасови". Ова се клучните постигнувања од проектот „Одржлива мрежа за спасување храна", презентирани од Асоцијацијата за чиста животна средина „Ајде Македонија.

Според претставниците од „Ајде Македонија", соработката била клучна при спроведувањето на активностите. Тие ја нагласуваат соработката со бизнис секторот, локалната самоуправа и граѓанскиот сектор. Во текот на спроведувањето организацијата вклучила осум нови бизниси, спровела заедничка акција со Општина Гази Баба, соработувала со Здружението на пензионери на Ѓорче Петров и граѓански организации од Битола, Виница и Неготино, кои ја подржале акцијата за спасување на храна и редистрибуција до социјално загрозени и маргинализирани граѓани. Преку успешно спроведените акции обезбедена е храна и помош за 350 семејства во социјален ризик од посочените градови.

„При нашата секојдневна работа увидовме дека треба повеќе да се работи на кревање на свеста за овој проблем во нашата земја бидејќи таа сè уште не е доволно развиена", велат од „Ајде Македонија". На подигање на свеста за спасување на храна работеа преку кампањата „Нахрани 10.000" кој во два наврати беше организиран во Скопје, Струмица, Неготино, Битола, Виница и Кочани, каде се собраа 8.667 кг храна донирана од граѓаните во шестте градови. Храната се распореди во 235 пакети кои беа дистрибуирани до 80 социјално загрозени семејства низ целата држава преку системот за редистрибуција на храна „Сите сити".

Преку „Одржлива мрежа за спасување храна" се работеше и на едукација на децата од Општина Шуто Оризари. Од „Ајде Македонија" се особено горди на дневната редистрибуција на вишоци храна кон Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ АКЦИЈА ЗДРУЖЕНСКА

РОДОВА ДИМЕНЗИЈА НА ПОЛИТИКИ ВО ФОКУС – ЈАКНЕЊЕ НА РЕЗИЛИЕНТНОСТА ВО ПОСТ-КОВИД ПЕРИОД

1 мај 2021г. – 31 август 2022г.

2.471.353 МКД

Детектирани и анализирани слабостите на политиките за застапување на родова сензитивност преку истражување

Дебата со 38 претставници на институции и граѓански здруженија и обезбедување препораки за родова димензија во сите области на политиките

15 жени од рурални средини од Дебар, Центар Жупа и Маврово Ростуше, воспоставија локален сојуз за координација, мобилизација и аргументирано застапување

Три едукативни работилници со вкупно 53 жени

Здружението разви препораки за застапување на родово сензитивни и ефективни политики за општествено закрепнување во пост-Ковид периодот. Овие препораки произлегоа од наодите на истражувањето „Проценка на потреби за градење родово сензитивни политики за општествена, пост-Ковид резилиентност и закрепнување“ спроведено на 602 испитанички од цела држава, репрезентативни според националност, возраст и образование.

„Потребно е да се обезбеди родова димензија во сите области и да се прилагодат мерките и политиките за различни интерсекциски фактори на влијание кои ги земаат предвид и психосоцијалните димензии на кризата. Неопходна е континуирана поддршка и јакнење на граѓанските организации, кои и покрај предизвиците покажуваат најголема прилагодливост“, велат од Акција Здруженска. На консултативната средба, односно дебатата беа присутни 38 претставници на граѓански организации, експерти и креатори на политики и беа споделени и дискутирани специфичните потреби за зајакнување на административниот капацитет, меѓусекторската и меѓуресорска координација за воведување на родовата димензија во планирањето, следење и оценка на политиките со директна вклученост и консултации со најзасегнатите категории жени.

Преку процес на едукација, вклучување во развој и застапување на заеднички предлог мерки утврдени во плановите за застапување, 15 жени од рурални средини од Дебар, Центар Жупа и Маврово Ростуше, воспоставија локален сојуз како механизам за координација, мобилизација и аргументирано застапување на приоритетни предлози за подобрување на пристапот до услуги, надминување на социјалното исклучување и поддршка на економската активност на жените од руралните средини во програмите и буџетите на општините.

Теренската едукација на руралните жени, со посебен акцент на етнички и социјално маргинализираните, вклучи три едукативни работилници на кои учествуваа 53 жени од трите опфатени општини.

БАЛКАНСКИ ИНСТИТУТ ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА - БИРС

ШАР ПЛАНИНА – ПОСЛЕДНА БРАНА ПРОТИВ ЕКОЛОШКА КАТАСТРОФА

1 јуни 2020г. – 30 ноември 2021г.

1.750.312 МКД

6 каравани со кои се подигна свеста кај локалното население за заштита на природните вредности на Шара и потребата за поголема вклученост

Поголема вклученост на локалното население за зачувување на природното богатство на Шар Планина

5 документарни филмови со кои се прикажуваат убавините и предизвиците со кои се соочува Шар Планина

Подготвен извештај за актуелната состојба на планината „Помеѓу потребната заштита и постојаното оштетување“

„Горди сме што во текот на нашиот проект „Шар Планина – последна брана против еколошка катастрофа“, планината беше прогласена за национален парк. Дел од нашите активности беа во таа насока. Свесни сме дека тоа не е крајот. Ќе продолжиме да работиме и понатаму да ги информираме правилно граѓаните и да ја чуваме Шар Планина“ велат од Балкански институт за регионална соработка – БИРС.

Работата на терен со локалното население создаде синергија на луѓето со експертите и ГО. Преку шесте каравани се подигна свеста кај локалното население за заштита на природните вредности, биодиверзитетот, за економски развој преку еко-туризам, за вклучување на граѓанскиот сектор и граѓанските активисти за подобрување на целата слика за Шара и привлекување повеќе туристи од земјата и странство. Караваните се одржаа во селата Доброште, Камењане, Лешница, Гаје, Лисец и Бозовце, како и на Попова Шапка со хотелиерите.

Покрај вклученоста на локалното население, преку мултимедијална истражувачка сторија се подигна свеста кај граѓаните во Македонија. „Шар Планина-помеѓу заштитата и уништувањето“, „Шара бисер на планинскиот туризам“, „Аларм за загрозувањето на фауната во Шара“, „Шара-разновидноста на лековитите растенија“, „Шара-регионален бисер на соседската соработка“, се насловите на документарните филмови кои секој во својата област ги прикажуваат убавините и предизвиците со кои се соочува Шар Планина.

За актуелната состојба говори и извештајот „Помеѓу потребната заштита и постојаното оштетување“, изготвен од експерти кои преку детална анализа на документи, анкета и други извори ја отсликуваат состојбата која се поврзува со идејата за заштита на планината како уникатна природна вредност. „Проблем се и малите хидроцентрали кои нанесуваат сериозна штета во реките на Шар Планина, онаму каде се изградени“, велат од БИРС. Оваа проблематика подетално е опишана во истражувањето „Кои се сопствениците на малите хидроцентрали, колку профитираат секоја година и колку штети нанесуваат“.

ХЗ БРАВУРА КООПЕРАТИВА

ИНКЛУЗИВЕН МОСТ 18

1 јуни 202г. – 30 јуни 2022г.

1.717.073 МКД

Јакнење на капацитетите на 24 деца од МГД за финансиска и економска независност

Подготвен „Водич за економско-финансиска интеграција“ за економското опкружување на деца без родители и родителска грижа

Одржани три работилници со претставници на МГД (Скопје, Делчево, Штип, Кавадарци) за воведување на финансиско-економска едукација во домовите

Вработено едно лице без родители и родителска грижа

Проект: „Инклузивен мост 18“

WE BUILD BRIDGES 18

„Инклузивен мост 18“ е проект со кој се воведува алтернативна програма за финансии и економија во Малите групни домови (МГД) во земјава. Со неа се јакнат капацитетите на корисниците, се збогатува нивното знаење и им се олеснува процесот на економско осамостојување кој треба да се случи по напуштањето на МГД.

„Се работеше со вкупно 24 деца од МГД (Скопје, Делчево, Штип, Кавадарци) на возраст од 12 до 18 години, а резултатите зборуваат за зголемен интерес на корисниците за идно професионално опкружување“, велат од Бравура кооператива. Едно лице без родители беше вработено, а се изработија четири пилот бизнис планови за четири деца наменети за нивна професионална ориентација и можност за самовработување.

Создадена е и „Едукативната програма - Водич за економско-финансиска интеграција“ која влијае на јакнење на капацитетите на целната група и капацитетите на институциите (МГД). Материјалот е креиран согласно заклучоците на трите работилници и работните групи за претставниците на МГД и претставува рефлексија на истакнатите потреби и проблеми. Заклучоците од работилниците ги отсликуваат реалните системски пропусти, минималното учество на старателот - посета на децата еднаш во годината, како и еден старател - еден службеник од Центар за социјална работа да биде заменски родител на 10, 20 па и повеќе деца.

„На основа на детектираните проблеми, креиран е план за унапредување на услугите и формулирани се предлози и препораки до Министерство за труд и социјална политика кои треба да се применат во измените на законите или подзаконските акти “, додаваат од здружението. Преку трансфер на стекнатото знаење, се јакне институционалниот капацитет на МГД кој во иднина ќе ги води корисниците од рана возраст во светот на економско опкружување.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ГЕВГЕЛИЈА

ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕГОВОРИТЕ СО ЕУ ЗА ПОГЛАВЈЕ 27

1 јули 2020г. – 30 април 2022г.

1.793.456 МКД

Зајакнати капацитети на македонските ГО за следење на преговорите со ЕУ за Поглавје 27 преку два семинари и една работилница со вкупно 67 учесници

Зголемена свесност на ГО за важноста во преземањето активна улога во преговорите со ЕУ

Формирана Платформа 27, неформална мрежа составена од 24 граѓански организации кои работат во областа на животната средина и климатските промени

Изработен првиот Извештај во сенка за Поглавјето 27 од преговорите за членство – Животна средина и климатски промени

Европското законодавство за животна средина е солидно транспонирано во националното законодавство во РС Македонија. Сепак, спроведувањето е на почетно ниво речиси во сите области.

Исто така, интегрирањето на политиките на животната средина во останатите политики на државата е на почетно ниво. Ова се главните заклучоци од првиот Извештај во сенка за Поглавјето 27 од преговорите за членство – Животна средина и климатски промени, изработен од Платформа 27, неформална мрежа на граѓански организации кои работат во областа на животната средина и климатските промени.

„Целта на извештајот во сенка е да ја претстави оценката на граѓанските организации за статусот на приближување на законодавството на ЕУ за животна средина и климатски промени во Северна Македонија. Истиот содржи 200 страни препораки за секоја област од животната средина“, посочуваат од Платформа 27.

Извештајот е изработен во рамки на проектот „Граѓанска платформа за следење на преговорите со ЕУ за Поглавје 27 поддржан од Цивика мобилитас. На извештајот му претходеше формирање на Платформа 27, неформална мрежа составена од 24 граѓански организации кои играат клучна улога во следењето на прогресот во ова Поглавје. Капацитетите на ГО на оваа тема беа градени преку два семинари и една работилница на кои учествуваа вкупно 67 претставници од организациите. Изработен беше и прирачник за следење на преговорите со ЕУ за Поглавје 27 во кој се објаснети чекорите како се одвива целиот процес за преговарање.

„Со формирањето на Платформа 27 како неформална мрежа и издавањето на Извештајот во сенка се воспостави цврста основа за понатамошно следење на степенот на усогласеноста на европското законодавство со националното и неговата имплементација но и прогресот кој државата го бележи во областа животна средина и климатски промени“, велат од Центар за климатски промени.

ФАЈНАНС ТИНК – ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ ИСТРАЖУВАЊА И ПОЛИТИКИ

ИНТЕРАКТИВЕН И ПОВЕЌЕСЕКТОРСКИ МЕХАНИЗАМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ВЕТУВАЊА СВРЗАНИ СО ЕКОНОМИЈАТА

1 јуни 2020г. – 31 мај 2022г.

1.783.553 МКД

Поставување мерна рамка – Делфи прашалник за следење на економските цели и резултати во форма на интерактивна веб платформа

Следење и мерење на економски цели и резултати од политичко-владините програми

Одржани четири работилници за економски анализи со вкупно 55 учесници

Одржан економски форум: Заматен поглед нанапред: Многубројни неизвесности ги поткопуваат економските изгледи? Со вкупно 100 учесници

„Големи економски ветувања, големи потфрлања" е насловот на анализата на Програмата за работа на Владата 2020 - 2024 која ја направи Фајнанс тинк (Finance Think). Само пет ветувања се исполнети, четири се во процес на исполнување, а 12 ветувања одат во спротивна насока од ветената. „Политичките ветувања од економско-социјалниот домен се остваруваат со различна динамика, но вкупниот заклучок е дека остварувањето е недоволно за да може да се каже дека тие се исполнуваат", посочуваат од здружението. Оваа анализа доаѓа е направена со проектот „Интерактивен и повеќесекторски механизам за следење на исполнувањето на политичките ветувања сврзани со економијата".

Преку активностите Finance Think успеаја да ги следи и мери економските цели и резултати од политичко-владините програми, а покрај тоа, да влијае и на подигнување на свеста кај сите засегнати страни за важноста на реални и изводливи ветувања од политичките партии. Тие ја создадоа Делфи анкетата преку која економски експерти мереа колку владини ветувања се остварени. За анкетата беше подготвен и прирачник за користење.

Се работеше на подигање на свеста и преку економскиот форум: „Заматен поглед нанапред: Многубројни неизвесности ги поткопуваат економските изгледи?". На форумот учествуваа високи креатори на политиките од земјата и регионот, а во публика имаше 100 претставници на меѓународната заедница во земјата, на јавните институции, експерти и граѓански организации.

Беа организирани четири работилници за економски анализи за млади економисти, граѓански организации, претставници на јавни институции и новинари. На 55 учесници им беа изградени или зајакнати вештините за економски анализи.

„Над 200 изјави, гостувања во медиуми и цитирања на публикациите од проектот, се објавени во медиумите. На овој начин критичката економска дебата е засилена, особено во делот на следење на економските постигнувања и политичките ветувања", велат од здружението.

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО С.МАКЕДОНИЈА

1 мај 2021г. – 30 септември 2022г.

2.576.065 МКД

Анкетирани 150 лица од ранливи и маргинализирани заедници во Прилеп за познавањето на новите одредби и придобивките од Законот за заштита од дискриминација и од работата на КСЗД

Обезбедена бесплатна правна помош за 206 различни клиенти, од кои 140 луѓе кои употребуваат дроги и 66 сексуални работници

Дадени вкупно 895 бесплатни правни совети за дискриминација и интерсекциска дискриминација

Одржани осум фокус групи за анализа на причините и одговорот на надлежните институции во заштитата на правата на овие групи во случаите на дискриминација

Проектот „Интерсекциска дискриминација во С. Македонија“ обезбеди бесплатна правна помош за 206 различни клиенти, од кои 140 луѓе кои употребуваат дроги и 66 сексуални работници. Дадени беа вкупно 895 бесплатни правни совети за дискриминација и интерсекциска дискриминација, а 30 граѓани пријавија прекршување на правата. „Со активностите поставивме и редовен мониторинг систем за следење на примената на Законот за спречување и заштита од дискриминација и постапувањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) базиран на докази“, велат од Хелсиншки комитет за човекови права.

На територија на Општина Прилеп анкетирани беа 150 лица припадници на ромската заедница и лица од рурални средини за познавањето на новите одредби и придобивки од Законот за заштита од дискриминација и работата на КЗСД. Поради недоволната информираност кај населението се одржаа вкупно осум фокус групи за анализа на причините и одговорот на надлежните институции во заштитата на правата на овие групи во случаите на дискриминација со посебен фокус на интерсекциската дискриминација. Во фокус групите учествуваа сексуални работнички, мажи и жени кои употребуваат дроги, жители на рурални средини од општините Кривогаштани и Долнени, жени и млади Роми. „Се покажа дека луѓето од овие заедници многу често се жртви на интерсекциска дискриминација поради тоа што голем дел од нив истовремено припаѓаат на повеќе маргинализирани заедници, што ги прави значително поранливи“, посочуваат од Здружението.

За време на проектот поднесена е претставката до КСЗД против Градскиот базен „Маркови Кули“ од Прилеп поради сознанија дека вработените во базенот им го попречуваат влезот и користењето на услугите на граѓаните Роми и не ги пуштаат внатре, додека граѓани од други етнички заедници без проблем влегуваа во базенот. Комисијата констатираше директна интерсекциска дискриминација од страна на угостителскиот објект и постапи соодветно во заштита на граѓаните.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ДИГИТАЛНИ ИНОВАЦИИ И ТРАНСФОРМАЦИИ ХАБ СКОПЈЕ

1 мај 2021г. – 31 август 2022г.

2.596.194 МКД

Создадена прва краудфандинг платформа за граѓански организации во Македонија, eCrowd.mk

Подобрена културата на давање во непрофитни цели т.е. донирање за ГО

Направени вкупно 1.000 индивидуални донации за 58 организации и 34 проекти објавени на платформата

Донирани 1.000.000 денари за ГО

MAKE IT EASY – ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРВА КРАУДФАНДИНГ ПЛАТФОРМА ЗА ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



„Биди дел од промените. Сега е лесно, донирај!“, ова е пораката која ќе ве пресретне на првата краудфандинг платформа за граѓански организации во Македонија, www.eCrowd.mk. „Платформата овозможи практични алатки за донирање со што придонесе кон подобрување на културата на давање во непрофитни цели“, посочуваат од Здружението за дигитални иновации и трансформации ИННО-ХАБ Скопје.

За регистрација на платформата се потребни телефон, електронска пошта и неколку основни документи. Доколку се е во ред, за неколку часа од регистрацијата, граѓанските организации добиваат можност да прибираат средства за објавената кауза од нивните поддржувачи. На eCrowd.mk се објавени и два видео прирачници за употреба. Платформата може да ја користат правни лица регистрирани според Законот за здруженија и фондации. Од здружението велат дека eCrowd заштедува време, енергија и ресурси на прибирачите на донации, а истото важи и за донаторите. Системот е едноставен. Донирате за организацијата чија работа ви се допаѓа или поддржувате некоја од тековните краудфандинг кампањи. За време на спроведување на проектот на платформата беа достапни вкупно 58 организации и 34 проекти кои дејствуваат во различни сфери, како згрижување и заштита на уличните животни, хуманитарни акции, животна средина, ранливи категории на лица и слично.

Проектот „Make it easy – воспоставување на прва краудфандинг платформа за граѓански иницијативи во Северна Македонија“, придонесе и кон зголемена независност на граѓанските организации. „Буквално било кој имател на картичка во светот може да донира за организација во нашата земја преку бесплатна регистрација на платформата и неколку клика до посакуваната сума за поддршка“, велат од Инно-Хаб. Направени се вкупно 1.000 индивидуални донации со кои се донирани 1.000.000 денари. Од здружението додаваат дека поддржале седум проекти и секој од нив добил по 24.600 денари, по принципот „денар за денар“.

МАКЕДОНИЈА 2025

КОН НАМАЛУВАЊЕ НА БИРОКРАТСКИОТ ТОВАР

1 јуни 2020г. – 31 декември 2021г.

1.697.933 МКД

Воспоставен и презентиран Индекс за бирократски товар во Македонија

Подготвена анализа „Конечен патоказ за мерки и реформи за намалување на бирократскиот товар – по области на истражување“ со мерки и активности за намалување на бирократскиот товар

Анализа на законската регулатива за областите вклучени во пресметка на Индексот и интервјуа со претставници од 12 претпријатија од различни сектори (градежништво, трговија на мало, угостителство, правен консалтинг и сл.) за Индексот

Презентација на Индексот и анализата пред +100 учесници на настан по повод Меѓународниот ден за борба против бирократија, 29 септември.

Македонија 2025 за прв пат во нашата земја го пресмета и презентираше Индексот на бирократија (ИБ) за Македонија. Истражувањето ја опфаќа целата 2020 година и покажува дека Македонија во однос на процедурите има најмало бирократско оптоварување во споредба со шесте европски земји вклучени во истражувањето (Словачка, Чешка, Италија, Бугарија, Шпанија и Литванија).

Едно претпријатие во земјава троши 146,5 часа годишно за да биде целосно усогласено со домашното законодавство, стои во истражувањето. Индексот на бирократија, кој е пресметан во рамките на проектот „Кон намалување на бирократскиот товар“, користи меѓународно потврдена методологија за мерење на бирократијата во соработка со експерти од различни области и анкети во претпријатија.

Спроведени беа: анализа на законската регулатива за областите кои се вклучени во пресметка на ИБ и интервјуа со претставници од 12 претпријатија од различни сектори. „Со овие анализи се потврдија вредносните показатели за трошење на време за некои бирократски обврски и динамиката на повторување во текот на годината од страна на претставниците на претпријатијата“, велат од Македонија 2025.

Како дел од акцијата, претставници на здружението, со тим експерти ја развија анализата „Конечен патоказ за мерки и реформи за намалување на бирократскиот товар – по области на истражување“ кој содржи конкретни мерки и реформски подобрувања за ИБ. „Предизвици се очекуваат во подрачјата како отпад, безбедност и здравје, но сметаме дека побрзото усогласување на македонското законодавство претставува и можност за работа на пазарот на ЕУ“, велат од Македонија 2025.

Индексот на бирократија и анализата беа презентирани пред повеќе од 100 претставници од институциите, експерти, граѓани, новинари на настан по повод Меѓународниот ден за борба против бирократија, 29 септември.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ „НЕКСУС ГРАЃАНСКИ КОНЦЕПТ“, СКОПЈЕ

МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ И РАДИКАЛИЗАЦИЈА – НОВИ ПРИСТАПИ КОН СТАРИТЕ ПРОБЛЕМИ

1 мај 2021г. – 31 август 2022г.

2.591.354 МКД

Обучени вкупно 85 средношколци од Струга и Скопје на тема мултикултурализам преку 8 работилници

Обучени вкупно 64 средношколци од Струга и Скопје на тема превенција од радикализација преку 8 работилници

Спроведено истражување за идентификување фактори кои влијаат врз насилство на спортските терени

Подигната свест кај младите за мултикултурна заедница

Вкупно 149 средношколци од Скопје и Струга стекнаа знаења и вештини како да живеат во мултикултурна заедница, почитувајќи ги останатите, но и како евентуални поведенија кои одат во спротивност на таквата соработка и толеранција да ги препознаат, да ги решат и да ги адресираат на креативен начин. Ова е клучното постигнување од проектот „Мултикултурализам и радикализација – нови пристапи кон старите проблеми“, спроведен од Нексус граѓански концепт.

Беше промовирана свесноста и разбирањето за мултикултурализмот и радикализацијата која може да води до насилен екстремизам, интер-етничката толеранција помеѓу младите, како и важноста од соживотот помеѓу различните етнички и религиски групи и традиционални вредности кај нашите сограѓани, велат од здружението. Фокусот е на младите кои го споделија своето знаење за другите култури на работилниците за мултикултурализам и креативни алатки. Се стекнаа со знаења и вештини за фотографија и видео продукција, креативен начин преку кој може да ги посочат проблемите во заедницата и да се подигне општата свест за нивно решавање.

Модулот за превенција од радикализација и креативни алатки содржеше 8 работилници. Младите учесници научија повеќе за глобалниот феномен на радикализација, за превенцијата, но и како заедно со своите врсници да се спротивстават на овој феномен преку употреба на креативни алатки како цртање, пишување на графити и сл. со цел да се подигне свеста кај целата заедница.

Во овој период беше спроведено и истражување за идентификација на факторите за насилството на спортските терени. Анкетата беше спроведена на Инстаграм, а беа направени и 6 директни интервјуа со релевантни соговорници на оваа тема како навивачи, градоначалник, спортист итн. Резултатите ја потенцираат потребата од менување на образецот на навивачка култура и на политиките кои треба да ги практикуваат институциите за нивно спроведување.

ФОНДАЦИЈА НВО ИНФОЦЕНТАР СКОПЈЕ

ЛОКАЛНИ ИНСПЕКЦИСКИ СЛУЖБИ ВО ИНТЕРЕС НА ГРАЃАНИТЕ

1 мај 2021г, - 30 септември 2022г.

2.565.213 МКД

Подобрена комуникација и соработка меѓу Инспекцискиот совет и локалните инспектори, но и на локалните инспектори со граѓаните

Одржани 16 едукативно-информативни работилници за зајакнување на соработката меѓу Инспекцискиот совет и локалните инспектори на кои учествуваа 186 инспектори

Спроведена јавна дебата и онлајн анкета на кои 97 локални инспектори беа едногласни дека е време за реформи, и за измени и дополнувања на Законот за инспекциски надзор

Девет инфо-средби на граѓаните и граѓанските организации со локалните инспектори под наслов „Запознај го својот инспектор“ на кои учествуваа 155 лица

„За првпат во државава се отвора темата за состојбите во локалните служби за инспекциски надзор и не е за изненадување што предизвика огромен интерес кај инспекторите од сите региони. Откривме дека речиси нема општина во која се пополнети сите предвидени позиции, ниту пак локалните самоуправи имаат доволно човечки, финансиски и техничко-технолошки капацитети за да организираат ефикасна инспекциска служба на локално ниво“, велат од НВО Инфоцентар.

Ова се главните предизвици со кои се соочуваат локалните инспекциски служби, а беа детектирани во рамки на 16 едукативно-информативни работилници одржани во сите осум плански региони во државава. Работилниците на кои учествуваа 186 локални инспектори од 46 општини се однесуваа на зајакнување на соработката меѓу Инспекцискиот совет и локалните инспектори, но и на тоа како да се зајакне ефикасноста на инспекциска служба на локално ниво. Фокусот беше на примената на Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците.

На јавна дебата и онлајн анкета, 97 локални инспектори беа едногласни дека е време за реформи, и за измени и дополнувања на Законот за инспекциски надзор. Побараа задолжително да бидат вклучени во изготвувањето на новите законски решенија. За нив главен приоритет е усогласувањето односно хармонизацијата на законската регулатива, менување на моделот на локален инспекциски надзор кој ќе ја зајакне самостојноста и интегритетот на локалните инспектори, како и потребата од континуирани и специјализирани обуки.

Подобро запознавање со надлежностите на локалните инспекциски служби се овозможи преку девет инфо-средби со локални инспектори, наменети за граѓаните и граѓанските организации, насловени „Запознај го својот инспектор“. Инфо-средбите ги надминаа очекувањата. На нив учествуваа 155 граѓани, претставници од локални граѓански организации и претставници од општините.

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

1 јуни 2020г. – 31 мај 2022г.

1.398.300 МКД

Изработена анализа со која се идентификувани ризиците за детско престапништво во Скопскиот, Југозападниот, Полошкиот и Вардарскиот плански регион

Остварена соработка со Советите за превенција на детско престапништво

Изработен Деловник за работа на Советите за превенција на детско престапништво

Изработена пилот Програма за превенција на детско престапништво за 2021-2022 година со која се иницираше донесување на нова програма на државно ниво.

„Насилството помеѓу децата многу често се случува во основните училишта. Истражувањето покажа дека постои голема дискрепанца помеѓу применетите мерки во различни градови, а постојат и такви општини каде што биле изречени малку, или воопшто не биле изречени педагошки мерки за учениците кои насилнички се однесувале “, велат од Македонското пенолошко друштво.

Анализата спроведена во четири региони: Скопски, Југозападен, Полошки и Вардарски ја потенцираше потребата од поголема координација на сите чинители кои работат на оваа проблематика. Со неа беа идентификувани, елаборирани и анализирани ризик факторите за појава на детското престапништво, што беше дел од проектот „Превенција на детското престапништво“. Податоците за изработка на анализата се добиени од Центрите за социјални работи во четирите плански региони, Министерството за внатрешни работи, Државниот совет за превенција на детско престапништво, Националното координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување, Државниот завод за статистика, основните и средните училишта во државата и локалната самоуправа.

За подобрување на функционалноста на постоечките општински совети за превенција на детско престапништво, но и како добра насока за работењето на оние кои ќе се формираат во иднина, беше изработен модел – Деловник за работа на Советите за превенција на детско престапништво. Деловникот ги уредува начинот на работа, одлучување, вршење на административни работи на Советот, начин на свикување и водење на седници и сл. Деловникот има 19 члена и е донесен во согласност со Законот за правда на деца.

Со изработката на пилот програмата за превенција на детско престапништво за 2021-2022 година, проектот не само што иницира донесување на ваква програма на државно ниво туку и придонесе кон олеснување на тој процес бидејќи надлежните органи можат веднаш да го користат документот.

НАУЧНА ФОНДАЦИЈА СПИРОСКИ, СКОПЈЕ

НФС – ПРОГРАМА ЗА ДАРУВАЊЕ СРЦЕВИНА [НФЦ-ПДС]

1 јуни 2021г. – 31 август 2022г.

2.023.958 МКД

Шест дарителски акции одржани во Крушево, Скопје и Охрид за подигање на свеста за дарување на клетки, ткива и органи

Креирање на НФС – Дарителски регистар за срцевина, вклучен во Светската асоцијација за дарители на срцевина

Вкупно 843 потенцијални дарители на матични клетки

Креирање веб страна со сите потребни информации за дарување на срцевина.



Само 0,12% од популацијата во земјава се регистрирани како потенцијални дарители на срцевина. Ова беше доволен мотив Научна фондација Спироски да го иницира проектот НФС – Програма за дарување срцевина со кој се подигнува свеста за дарување на клетки, ткива и органи.

„Целта беше постигната што најдобро може да се види преку пријавените 843 потенцијални дарители за матични клетки", велат од Фондацијата. За прв пат во нашата држава беше создадена и Програма за дарување срцевина во невладиниот сектор постигната преку креирање на НФС – Дарителски регистар за срцевина, вклучен во Светската асоцијација на дарители на срцевина. Преку овој регистар во 2022г. се зголеми бројот на дарители на срцевина, односно од 0,11% во 2021г. се искачи на 0,15% во 2022 година.

За да се добијат сите неопходни информации за процесот, за дарителите и пациентите беше создадена веб страна на која беше поставен дарителскиот регистар за матични клетки. Преку неа се овозможи електронско пријавување на потенцијалните дарители со едноставен метод. Процедурата на земање примероци со брис од образ беше објаснета преку едукативно видео „Комплет земање брис од образ". На страната беше објавено и видеото „Како да се биде дарител на матични клетки". Покрај веб страната беше обезбедена бесплатна телефонска линија преку која се разговараше со потенцијалните дарители и пациенти. За време на проектот 450 потенцијални дарители испратија примероци за генетска анализа и добија дарителски карти.

Од Научна фондација Спироски организираа шест дарителски акции кои се одржаа во Крушево, Скопје и Охрид. Теренската работа исто така придонесе кон подигнување на свеста за донација на срцевина кај потенцијалните дарители, учесници на настаните како „Krusevo Trail Challenge", „21 Семинар за квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика" и сл.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ЖЕНСКАТА АКТИВНОСТ ТИИИИТ!

1 јуни 2020г. – 31 декември 2021г.

1.788.310 МКД

Објавена првата сеопфатна студија за пристапот до менструална хигиена во нашата земја, под насловот „Менструална правда“

Отворена дискусија во јавната сфера за менструалната сиромаштија и за зголемување на пристапот до средствата за менструална хигиена

Обезбедени 2.000.000 денари од буџетот на Град Скопје за 2022 година за обезбедување на средства за менструална хигиена во средните училишта во Скопје

Унапредување на пристапот до средства за менструална хигиена на жените и девојките во РСМ и адресирање на менструалната сиромаштија преку подигање на јавната свест

КРАЈ ЗА МЕНСТРУАЛНА СИРОМАШТИЈА – ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА МЕНСТРУАЛНАТА СИРОМАШТИЈА ВО РСМ

Менструалната сиромаштија е реалност за секоја трета жена во нашата земја која барем еднаш во животот немала пари да купи влошки за време на менструален циклус. Ваквата реалност не ја препознава македонското општество, на што упатува податокот дека 71% од испитаниците, рекле дека не слушнале за менструална сиромаштија. Ова се само дел од загрижувачките состојби потврдени со првата сеопфатна студија за пристапот до менструална хигиена во нашата земја, насловена „Менструална правда“ спроведена од Здружението на граѓани за промоција на женската активност „Тиииииит! Инк.“. Прашалникот подготвен како дел од проектот „Крај за менструална сиромаштија – застапување за намалување на менструалната сиромаштија во РСМ“ целосно го пополниле 2.696 лица. Мисијата за застапување започна веднаш по објавувањето на резултатите од студијата. Воспоставени се комуникациски канали со релевантните институции кои се клучни за намалување на менструалната сиромаштија.

„Во креирањето на новата Национална стратегија за сексуално и репродуктивно здравје 2020-2030, ќе бидат земени предвид наодите и препораките произлезени од студијата. Воспоставен е контакт со секторот за даночна политика при Министерството за финансии и постои интерес за идна иницијатива за намалување на даночната стапка за производите за менструална хигиена“, посочуваат од здружението. Покрај тоа, Град Скопје одвои 2.000.000 денари од буџетот за 2022 година за обезбедување средства за менструална хигиена во средните училишта во Скопје. Овие резултати се почетни чекори кон промените во политиките за намалување на менструалната сиромаштија, велат „Тиииииит! Инк.“ и додаваат: „Успеавме да ја продлабочиме дискусијата за менструалната хигиена и репродуктивното здравје и да се развие инклузивен јавен дискурс на тема менструална правда во РСМ. Потребна е долгорочна работа, како и силна политичка волја за суштествени промени во елиминирање на менструалната сиромаштија “, додаваат тие.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗИ- ЗМАИ

ЦЕНТАР ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

1 јуни 2020г. – 30 септември 2021г.

1.798.353 МКД

Зголемен истражувачки капацитет на 17 граѓански организации

Одржани обуки за процесот на истражување и креирање на јавна политики

Подготвени осум прирачници за обуките

Креирани 12 истражувачки материјали од организациите учесници на обуките

Зголемен истражувачки капацитет на 17 граѓански организации (ГО) за користење на статистички, истражувачки методи и алатки во оцена и конструирање на јавните политики, е главното постигнување на акцијата „Центар за јавни политики“ на Здружението за истражување и анализи – ЗМАИ.

Граѓанските организации добија обуки концентрирани во осум модули кои го опфатија целокупниот процес на истражување и креирање на јавна политики. Моделите опфаќаат теми како статистичко оценување и заклучување, дескриптивна анализа, дефинирање на јавни политики и сл. Учесниците добија осум прирачници за секој модел и видео записи од обуките.

„Сметаме дека активни граѓански организации се коректор на јавните политики. Најдобар показател за ова се 12 истражувачки материјали креирани од организациите учесници на обуките“, велат од ЗМАИ. Истражувањата опфатија различни домени од јавните политики и различни локални и национални теми, што придонесе за ефективно пренесување на препораките и забелешките на ГО и другите чинители во општеството. Преку задачите за време на обуката учесниците беа охрабрени да соработуваат во изработка на квантитативни анализи и нивна примена при креирање на предлози за јавни политики.

„Заедничкиот истражувачки проект на Центарот за делиберативна демократија – ДИЈАЛОГ и Центарот за истражување и анализи – НОВУС за перспективите на младите од Струмичкиот и Прилепскиот крај ја потврдува соработката која произлезе од проектните активности“, посочуваат од ЗМАИ.

Се истражуваше на теми како: „Самохраноста во РСМ“, „Еколошки барометар на општина Неготино“, Инклузија во образовниот систем за време на пандемија“ и сл. „Креиравме мрежа на обучени поединци вработени во граѓанскиот сектор за спроведување и креирање на предлози за јавни политики базирани на факти“, потенцираат од ЗМАИ.

ЗДРУЖЕНИЕ АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКА ИНИЦИЈАТИВА

ЛОКАЛНИ МРЕЖИ ЗА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ

1 јуни 2019г. – 30 октомври 2020г.

1.788.483 МКД

Воспоставени 4 локални мрежи за застапување мултикултурни политики во општините: Гостивар, Брвеница, Врапчиште и Тетово

Креиран Индекс на мултикултурализмот составен од индикатори применливи за сите општини

Подготвени планови за застапување на локални мултикултурни акции и иницијативи во целните општини

20 претставници на општините ги зајакнаа вештините и знаењата за мултикултурализам преку обука за интегративни политики

Мултикултурноста, како факт во повеќето општества, подразбира посветеност на градењето односи на соработка и кохезија, како клучна претпоставка за стабилност и напредок на заедниците. Ова е појдовната точка за Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ) која го спроведе проектот „Локални мрежи за мултикултурализам“. Спроведените активности резултираа со подобрен локален и регионален мултикултурен контекст застапуван од интерсекторски мрежи иницирани од силни локални граѓански организации.

Во општините Гостивар, Брвеница, Врапчиште и Тетово беа воспоставени четири локални мрежи за мултикултурни политики со вкупно 34 члена. Тие се ефикасна рамка за дијалог и соработка помеѓу локалните власти, институциите и граѓанскиот сектор и осигуруваат дека нивните политики го одразуваат мултикултурниот контекст. Преку неформално здружување и дискусии, во рамки на мрежите беа иницирани промени за мултикултурниот суживот во заедницата.

Активностите опфатија создавање на Индекс на мултикултурализам кој претставува мултикултурен профил на општините, добиен преку објективни сознанија за различните форми на организација на односите меѓу етничките заедници. Преку сет на индикатори се анализирани четири клучни сфери: локална самоуправа и пристап до јавни услуги, интеграција и градење интеркултурни компетенции во образовниот систем, култура, граѓанско општество и социјална кохезија. Општините Тетово и Гостивар добија индексна оценка 5, Брвеница индексна оцена 4,3, а Врапчиште 4,4, на скала од 1 до 7.

Беше одржана и обука за интегративни политики, со која вкупно 20 учесници од општините ги зајакнаа вештините и знаењата за локални мултикултурни контексти и лидерство, меѓународни и национални механизми за заштита и промоција на етничките, јазичните, културните и религиските малцинства и инклузивен и интегративен пристап при планирањето и имплементирањето на акции.

ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА АНТИКО

ГО – ПРОМОТОРИ НА ДИЈАЛОГ, АКЦИЈА И КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ

1 јуни 2019г. – 30 септември 2020г.

1.789.209 МКД

Спроведени две терески истражувања во Пробиштип и Теарце за актуелната ситуација и функционирањето во општините

Подготвена публикација: „Соработка на општините со граѓаните и граѓанските организации“ на основа на добиените резултати

Зајакнати капацитети на 64 учесници за креирање на родово сензитивни политики на ГО и ЕЛС - подобрена соработка и меѓусебната поддршка

Формирана интерсекторска лоби мрежа за промовирање граѓанско учество и покренување иницијативи

Зајакнување на дијалогот и партнерството помеѓу општините и организациите преку воведување подобро структуриран и партиципативен систем на родово сензитивни процеси во креирањето на јавните политики е едно од постигнувањата на проектот „ГО – промотори на дијалог, акција и креирање на локални политики“. „Акцијата докажа дека со сериозен пристап, адекватна методологија на работа и сеопфатна и ефективна програма за инклузивно градење на капацитети за заеднички работа и делување можно е да се добијат планираните и посакуваните позитивни промени“, велат од Женска граѓанска иницијатива Антико.

Воспоставена беше соработка со општините Пробиштип и Теарце каде се спроведоа две терески истражувања на 400 испитаници. На основа на резултатите, креирана беше едукативна програма и подготвени работни материјали за две дводневни обуки за градење на капацитети на претставници од ГО, општините и другите засегнати страни. Капацитетите беа зајакнати преку 36 активности со вкупно 232 конституенти вклучени во нив: обуки, едукација, акции за јавно застапување, соработка итн. Имено, 64 претставници од ГО, ЕЛС и засегнати страни ги зајакнаа капацитетите за активно учество во креирање на јавни родово одговорни политики.

Успешно беше спроведен процесот на јавно застапување и лобирање. Граѓанските организации со поддршка на тимот на Антико, беа проактивни во вмрежувањето. Формираа две интерсекторски лоби мрежи, промовираа граѓанско учество и покренаа иницијативи за јавно застапување на две нивоа: инклузивно учество во спроведувањето на јавните политики и акциски план од страна на Советот на двете општини, кои резултираа со успех. Организирани беа и две консултативни средби за формирање самоорганизирани мрежи од двете општини составени од ГО, општини и други чинители кои имаат капацитет да остварат влијание во креирањето на локални политики.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ БАЛКАН ЕКОНОМИК ФОРУМ

ЧИСТИ И ЗДРАВИ

1 јуни 2019г. – 31 мај 2020г.

1.035.690 МКД

Изработка на три сликовници, видео клип и мобилна апликација за едукација на најмалите за заштита на животната средина

Презентација и примена на продуктите во четири градинки во општина Чаир

Зголемена свест кај децата за чиста и здрава животна околина

Здружението за регионален развој Балкан економик форум преку активностите на проектот „Чисти и здрави“ поттикна граѓански ангажман и грижа кон заедничкото добро, почнувајќи од најмладите во нашето општество. Децата во четири градинки на општина Чаир преку игра учеа за чиста животна средина, а за тоа се создадени три илустрирани сликовници, видео клип и мобилна апликација/игра за поттикнување на свеста за чиста средина. „Ја чуваме природата“, „Каде оди ѓубрето“ и „Види како рециклирам“ се насловите на сликовниците на македонски и албански јазик.

Анимираниот видео клип „Што е животна средина и како да ја одржиме чиста“ содржи и превод на знаковен јазик со цел поголема инклузивност на децата со оштетен слух. До крајот на проектот, видеото беше прегледано повеќе од 600 пати. Интерес помеѓу децата имаше и за мобилната апликација/игра која практикува репетитивна меморија, односно повторување на едукативните активности и присетување на веќе реализираното – едукација на децата за чиста животна средина.

„При презентација на продуктите во градинките, применивме игровна активност како начин на мерење на постигнатите резултати. Можеме да заклучиме дека децата препознаваат дека отпадоците се фрлаат на соодветно означени места и свеста за животната средина е подигната“, велат од Балкан економик форум. Исто така, програмата успеа да придонесе да се развие интерес за грижа и свест кај најмладата популација, преку интерактивен пристап и забавен начин на комуникација.

Во рамки на проектот како значајно постигнување се вбројува и соработката помеѓу градинките, општината и граѓанските организации кои имаат заедничка цел – поголема грижа за животната средина. „Планираме моделот да го пресликаме во другите општини и да стане дел од наставата на повеќе градинки за понатамошна одржлива едукација на тема чиста животна средина“, велат од здружението.

ЦЕНТАР ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА ДЕБАР

ЗАЕДНО ЗА ЧИСТ ДЕБАР

1 јуни 2019г. – 31 мај 2021г.

1.800.000 МКД

Создадена платформа Clean Debar и телефонската апликација CLEAN DIBRA за пријавување на проблеми поврзани со животната средина и урбаната хигиена;

Воспоставена соработка помеѓу граѓаните и локалните институции за чист „Дебар“

Поголема јавна свест за заштита на животната средина преку јавна дебата на која учествуваа 55 граѓани

Веб и телефонска апликација, еколошки акции, јавна дебата за проблемите и предизвиците, собирање домашен отпад... Ова се само дел од акциите на Центарот за одржлив развој на заедницата Дебар за почиста животна средина. Преку платформата Clean Debar и телефонската апликација CLEAN DIBRA, во периодот на спроведување на проектот, пријавени се вкупно 50 проблеми поврзани со животната средина и урбаната хигиена од кои за 39 се преземени соодветни мерки за решавање.

На овој начин е подигната свеста за самостојно покренување иницијативи од страна на граѓаните за чистење на населбите каде што живеат и подобрена е соработката со локалните власти и граѓанските организации за одржување на чистотата на јавните површини. „Воспоставено е организирано собирање на комунален отпад во село д. Косоврасти од страна на ЈКП „Стандард“ Дебар, кое со години не функционираше и отпадот завршуваше во водите на реката Радика“, велат од Центарот. Тие истакнуваат дека во Дебар, за прв пат е покренатa кривична постапка за загадување на животната средина, но и пракса, секој четврток во месецот да се селектира кабаст отпад.

Проектот „Заедно за чист Дебар“ поддржан од Цивика мобилитас покрена и спроведе и други активности кои за прв пат се реализираа во општината. Такви беа: дезинсекција преку фарбање на стеблата на дрвјата во градот, садење цвеќиња за разубавување на јавните површини, дежурства на инспектори за одржување на хигиената во центарот на градот итн. Беа одржани 10 еколошки акции со повеќе од 150 граѓани и претставници на ГО со што директно се влијаеше на свеста за чиста животна средина кај жителите на Дебар. „Одржавме и дебата на која учествуваа 55 претставници на локалната власт, советници, професори, студенти и други, за заштита на животната средина и управување со отпад за чист Дебар“, посочуваат од Центарот.

ЕВРОТИНК – ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ

MK&EU – НАУЧИ, СПОДЕЛИ, ВКЛУЧИ СЕ!

1 јуни 2019г. – 30 ноември 2020г.

1.756.776 МКД

Креирана сеопфатна дигитална алатка, www.eu.org.mk, за едукација, набљудување и споделување знаење и информации поврзани со процесот на пристапување кон ЕУ

Одржани 12 едукативно – информативни сесии и подобрени капацитети на граѓанските организации, новинарите, одлучувачите и младите за разбирање на процесот на пристапувањето и неговите придобивки

Креирани онлајн ресурси, 50 статии за ЕУ, за учење и запознавање со процесот на пристапување на РСМ во ЕУ



Поголема, порепрезентативна и посуштинска вклученост на граѓанското општество и неговите организации во процесот на пристапување кон ЕУ. Покрај тоа, зголемена информираност и разбирање за процесот се постигна преку проектот „MK&EU – Научи, сподели, вклучи се!“, спроведен од Центарот за европски стратегии – Евротинк.

„Преку демистифицирање на процесот на преговори и обезбедување дигитална алатка за едукација, набљудување и споделување на знаење во врска со преговорите, акцијата ги зајакна капацитетите на граѓанските организации и граѓаните“, велат од Центарот. Ресурсната платформа за граѓани и медиуми ја покрива поширокатa област на ЕУ интеграциите и доброто владеење, со посебен осврт на тематските области од Блупринтот и Итните реформски приоритети. Едукативната алатка беше промовирана на специјален настан на кој присуствуваа 23 претставници од граѓанскиот сектор, амбасади и медиуми.

Беа објавени 50 едукативни и информативни статии насочени кон ЕУ преговори и последни актуелности поврзани со темата со што се зголеми информираноста и разбирањето на самиот процес. Содржината која ја изработија претставниците на здружението заедно со надворешни соработници: новинари и експерти на темата, беше обработена на едноставен и разбирлив јазик за граѓаните. Преку 12 едукативно – информативни сесии во форма на работилници со студенти, граѓански организации и новинари се подобрија капацитетите на учесниците и нивното разбирање на процесот на пристапување и придобивките од него. На сесиите беа обучени 72 студенти од Правниот факултет – Битола, Универзитет ВИЗИОН - Гостивар и Славјанскиот Универзитет – Битола, 28 претставници од граѓанските организации и заинтересирани граѓани, 23 одлучувачи, и 14 новинари.

За пристапувањето на земјата кон ЕУ беа изработени две дигитални стории, како и пет видео-графици. На крајот од проектот беше продуцирано кратко завршно видео во кое се опфатени сите активности кои се случиле за време на проектниот циклус.

ХЕНДИКЕП ПЛУС - ГРУПА ЗА ПОДДРШКА НА ХЕНДИКЕПИРАНИ ЛИЦА

РЕГИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ХЕНДИКЕП

1 јуни 2019г. – 31 јули 2020г.

1.797.189 МКД

Поднесени препораки за унапредување на регионалните политики во Североисточниот и Полошкиот регион за правата на лицата со хендикеп

Зајакнати капацитети на 15 ОЛХ за учеството на лицата со хендикеп во политичкиот и јавниот живот и мониторинг на политики на локално ниво

Подигната јавната свест кај чинителите и јавноста во двата региони за потребата од вклучување на лицата со хендикеп во сите сфери на делување

Зголемено учество на лицата со хендикеп во сите сфери на општественото живеење, зајакната соработка со институциите на локално ниво и поднесени препораки за унапредување на состојбата за овие лица во Североисточниот и Полошкиот регион. Ова се клучните постигнувања на проектот „Регионални политики за хендикеп“ на Хендикеп Плус – група за поддршка на хендикепирани лица овозможен од Цивика мобилитас.

Во Североисточниот и Полошкиот регион од Групата поднесоа вкупно 21 препорака до надлежните институции на локалната самоуправа. Препораките се за подобрување на инфраструктурата во регионот, поголемо учество на лицата со хендикеп во политичкиот и јавниот живот, поголемо учество при креирање политики и носење одлуки на локално ниво. Тие се резултат на две фокус групи одржани во Крива Паланка и Тетово на кои присуствуваа вкупно 44 учесници. На оваа активност и претходи прашалник кој опфати 120 лица со и 80 без хендикеп кои обезбедија доволно информации за детектирање на состојбата. Согледаната ситуација по прашањето на хендикеп во Североисточниот и Полошкиот регион беше публикувана во 1000 примероци на македонски и 200 примероци на албански јазик. Се одржа и јавна дебата со чинителите во Североисточниот регион на која учествуваа 40 претставници. Дебатата придонесе кон зајакнување на меѓусебната соработка и комуникација помеѓу засегнатите страни.

Улогата и вклученоста на организациите на лица со хендикеп при креирање политики и носење одлуки во двата региона е минимална и незадоволителна, посочуваат од Хендикеп плус. Поттикнати од овој резултат ги зајакнавме капацитети на организациите на лицата со хендикеп преку обука на која се запознаа со правната рамка за остварување на политичко учество, додаваат од Групата. Со оваа активност придонесоа за поактивно вклучување, застапување и делување по ова прашање на лицата со хендикеп.

ХОПС – ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

1 јуни 2019г. – 31 мај 2021г.

1.794.180 МКД

Ресоцијализација, реинтеграција, социјална инклузија и развивање на работни навики и вештини на осум луѓе кои употребувале/ат дроги

Дизајн и изработка на 8 креативно уметнички просторни инсталации

Учество на Д-фестивал и претставување на изработената инсталација за поттикнување на младински активизам и дестигматизирање на луѓето во социјален ризик

Одржување на 25 креативно – едукативни работилници со децата во социјален ризик, по 5 во секој од идентификуваните домови

КРЕАТИВНА АКЦИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ – ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН НА ЛУЃЕТО ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

Здружението ХОПС – Опции за здрав живот со поддршка од Цивика мобилитас го реализираше проектот „Креативна акција за општествени промени – граѓански ангажман на луѓето во социјален ризик“. Беа идентификувани осум луѓе кои употребуваат или употребувале дроги и двајца фацилитатори - уметници од заедницата.

Со оваа акција се реализираа 170 работилници, каде ангажираните луѓе учествуваа во осмислување и изработка на културно-уметнички просторни инсталации за мали групни домови, како и во осмислување и изработката на две инсталации за јавен простор. Нивниот ангажман во креативната акција придонесе за подобрување на нивната финансиска состојба, зголемена свесност за животната средина и можностите за ре-употреба на отпад. Исто така доведе до зголемување на самодовербата и совладување на нови вештини. Во текот на целата акција беа мотивирани да учествуваат доброволно на јавни настани во кои учествува или ги организира ХОПС, а сето тоа придонесе за поголема видливост на луѓето кои се наоѓаат во социјален ризик, особено на луѓето кои употребуваат дроги. Едно од ангажираните лица по завршувањето на ангажманот продолжи со ангажман како параправничка во ХОПС, во програмата за намалување штети од употреба на дроги.

Учеството на Д – Фестивал исто така придонесе за дестигматизација на луѓето кои употребуваат/ле дроги и зголемена информираност на младите за намалување на штети од употреба на дроги.

Кон младинскиот активизам придонесе и онлајн дискусијата: „Дроги и музички фестивали“, каде јавно и од лично искуство учесниците говореа на оваа тема, што придонесе до голема видливост на заедницата.

Преку активно вклучување во креативните работилници беа опфатени 57 деца и млади во социјален ризик. Тие придонесоа за развој на комуникациските, социјалните и креативните вештини на учесниците како и за соживот во детските домови и им овозможи подобро планирање на слободното време.

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ

ОПШТЕСТВЕНА НОРМАЛИЗАЦИЈА: ЈАКНЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИОТ ДИЈАЛОГ И ДЕПОЛАРИЗАЦИЈА НА ЈАВНИОТ ДИСКУРС

1 јуни 2019г. – 31 мај 2021г.

1.794.180 МКД

Подигната јавна свест за неопходноста од деполаризација како услов за постигнување суштински реформи

Подготвена анализа: „Поларизирачкиот дискурс и влијанието врз политичката и социјалната поларизација во македонското општество“

Формирани локални натпартиски алијанси и национална алијанса во Скопје за зголемување на свесноста за деполаризација

Дијалог помеѓу релевантните општествени актери и промоција на модел за деполаризација

Анализата: „Поларизирачкиот дискурс и влијанието врз политичката и социјалната поларизација во македонското општество“ има цел да го покаже нивото на поларизираност и ефектите врз процесот на креирање политики и социјалната поларизација. Анализата е спроведена од тимот на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје (ИОХН) во рамки на проектот „Општествена нормализација: Јакнење на политичкиот дијалог и деполаризација на јавниот дискурс“. Резултатите покажуваат дека поларизирачкиот дискурс има силна афективна компонента која влијае на постоењето на чувството на страв, гнев, омраза и срам кои го обликуваат и јавниот говор во кој има често говор на омраза.

ИОХН воспоставија соработка со локални чинители во Скопскиот, Полошкиот, Југоисточниот и Југозападниот регион. За околу 40 од нив биле спроведени четири работилници за зголемување на свесноста за ефектите од поларизацијата кон демократските процеси и процесите на креирање на политики. Преку локалните координатори во Скопје, Битола, Валандово и Гостивар се одвиваше процесот на создавање локални натпартиски алијанси и една национална алијанса која се иницираше во Скопје. Алијансите придонесуваат кон надминување на партиската поларизација, зајакнување на политичкиот дијалог и општествена демократизација, а со тоа создаваат услови за европскиот реформски процес. „Како резултат на овие активности имаме застапување пред локална и централна власт на теми кои придонесуваат кон општествена деполаризација“, посочуваат од ИОХН.

Дијалогот меѓу граѓанското општество и политичките претставници во локалните заедници на прашања од јавен интерес придонесе кон политичкиот дијалог и деполаризација. Обработени беа локални теми како проширување на движењето за заштита на средината и здравјето во локалната заедница преку прашањето со отпадот во Валандово, потоа загадувањето на воздухот во Битола, иселувањето на младите во Гостивар и присуството на поларизацијата во медиумите во Скопје.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ МЕДИА ПЛУС ШТИП

ЗДРУЖЕНИ СМЕ ПОСИГУРНИ И ПОБЕЗБЕДНИ

1 мај 2019г. – 31 март 2021г.

1.793.769 МКД

Соработка на осум Локални совети за превенција и 35 граѓански организации од истите општини за делување на конкретни проблеми во заедниците

Одржани 16 состаноци со фокус групи и осум работилници за можностите на ЛСП со над 450 учесници;

Информирани граѓани со подигната свест за нивната улога во превенцијата и безбедноста

Граѓаните и граѓанските организации во општините: Штип, Свети Николе, Крива Паланка, Битола, Гостивар, Струга, Карпош и Гевгелија воспоставија соработка со Локалните совети за превенција (ЛСП) за заедничко креирање, донесување одлуки и делување на конкретни проблеми во заедниците. Оваа акција е резултат на активностите спроведени со проектот „Здружени сме посигурни и побезбедни", поддржан од Цивика мобилитас. Преку осум работилници со членовите на ЛСП, претставници на граѓанските организации и граѓаните или вкупно 132 учесника од осумте општини, заживеа работата на ЛСП. „По завршување на работилниците, во сите општини имаше следни состаноци на ЛСП, од кои произлегоа и конкретни резултати и следни задачи", велат од Медиа плус. Работилниците се однесуваа на законската рамка и предметот на работење на ЛСП, организациската поставеност, инклузивност, комуникација итн. За да се обезбедат дополнителни информации, во секоја од општините се одржаа по две фокус групи со 20-тина граѓани како и анкетно истражување. Активностите послужија за детектирање на потребите и проблемите на граѓаните во областите безбедност и превенција, што се основа во работењето на ЛСП.

Преку осум новинарски прилози за радио и исто толку текстови на веб портали се презентираа позитивните примери на соработка меѓу институциите и граѓаните/граѓанските организации, кои ги охрабрија сите страни за делување при соочување со предизвици во заедниците. Застапеноста во медиумите придонесе за зголемена информираност за улогата на ЛСП во решавање на предизвиците.

„Зајакнатите ЛСП, како општински тела со определена моќ, имаат можност за пошироко вклучување на граѓаните и заедницата во превенирање на идни конфликти или навремено решавање на граѓанските потреби, сега во соработка со граѓаните и граѓанските организации", додаваат од Медиа плус.

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ – МИМ

ПАРТНЕРСТВО, ЗАСТАПУВАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА ЗА ЕФИКАСНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

1 јуни 2020г. – 30 септември 2021г.

1.800.000 МКД

Изработка на комуникациска стратегија за НСИОМ

Зголемена комуникација и соработка помеѓу ГО кои ги застапуваат правата на лицата со попреченост, новинарите и надлежните институции

Зајакнати вештини на 9 новинари за практикување инклузивно новинарство базирано на човекови права преку обука за инклузивно новинарство

Спроведена кампања „Исто-исти“ со која се подобри перцепција на јавноста за правата на лицата со попреченост и нивните можности во заедницата



Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Националниот совет на инвалидски организации на Македонија (НСИОМ) ја спроведоа кампањата „Исто-исти“ со цел надминување на предрасудите кон лицата со попреченост.

„Во фокусот се можностите и перспективите на лицата со попреченост, а не проблемите и нивниот хендикеп. Со кампањата се крена свеста на јавноста за рамноправните можности на овие лица за социјална инклузија, а не за сожалување и милосрдие. Токму затоа, со еден ваков пристап кој мотивира и охрабрува сметаме дека најмногу може да им се помогне на лицата со попреченост во одбрана на нивните права“, велат од МИМ. Кратките пет видео приказни пренесуваат сегменти од реалниот живот на лицата со попреченост кој е исполнет со обврски и активности. На овој начин треба да се деконструираат погрешните перцепции и стереотипи дека лицата со попреченост не можат да работат, да спортуваат, да возат автомобил, да водат бизнис итн. додаваат од Институтот.

Комуникациските капацитети на ГО кои ги застапуваат правата на лицата со попреченост беа подобрени преку подготовка на комуникациска стратегија на НСИОМ и неговите членки, ребрендирање на Советот, редизајн на веб-страната на НСИОМ и креирање канали на социјалните платформи Фејсбук и Јутјуб. Фокусот е на соработка и подобрување на внатрешната комуникација, зголемување на јавната свест за овие лица и промоција на заедничката работа.

Преку обука за инклузивно новинарство која ја посетија девет новинари и 10 претставници на ГО, заедничката работа на новинарите и ГО на 11 видео-стории, како и организирање јавна дебата со вкупно 30 учесници, се зајакна соработка меѓу организациите кои ги застапуваат правата на лицата со попреченост, новинарите и надлежните институции.

Активностите се дел од проектот „Партнерство, застапување и комуникација за ефикасна инклузија на лицата со попреченост“ поддржан на Цивика мобилитас.

ЗГ МИРОВНА АКЦИЈА

ТОЛКУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ИСТОРИЈА НА СОВРЕМЕНОТО ВРЕМЕ

1 јуни 2020г. – 31 мај 2021г.

1.800.000 МКД

Преку дијалог креирана доверба помеѓу 16 наставници за дискусија на „тешки“ теми од втората половина на XX век и 2001 година

Промоција на политики за изградба на мир и култура на сеќавање помеѓу граѓанските организации, образовните и други релевантни институции од земјава

Изградено стратешко партнерство со Асоцијацијата на наставници по историја од Македонија

Креиран Прирачник за вон наставни активности по историја

Изградена е група од наставници по предметот историја од земјава чии капацитети за изградба на мир и соочување со минатото се зголемени. Започнат е процес на дијалог помеѓу наставниците по историја за теми кои не се обработуваат во учебниците и критичка анализа на праксите кои сега постојат во Македонија на часовите по историја во однос на „етничките“ теми. Креирани се наставни ресурси поврзани со женски животни приказни од периодот од 2001, дигитални интервјуа и вон наставни активности за предметот историја. Ова се дел од постигнувањата во рамки на проектот „Толкување на заедничката историја на современото време“ на здружението Мировна акција. Направена е анализа на учебниците по предметот историја за основно и средно образование. Со оваа анализа ја потврдуваме потребата за подобрување на учебниците и придонесуваме кон заложбите да се изучува современа историја, велат од здружението. Со активностите се опфатени 10 основни училишта и 6 средни училишта од урбани и рурални средини.

Изградивме стратешко партнерство со Асоцијацијата на наставници по историја од Македонија (АНИМ). На овој начин креиравме безбедна околина за реализација на дијалошки средби. Вкупно 16 наставници на обука за контекстуална разработка изградија меѓусебна доверба и дискутираа на теми кои најчесто не се обработуваат како: ненасилна комуникација и перцепција, контекст и идентитети. Беа реализирани и три дијалошки средби на теми поврзани со сеќавање и изградба на мир. Со овие активности групата наставници ги зголеми сопствените капацитети за обработка на „тешки“ теми, објаснуваат од Мировна акција.

Креиран и реализиран беше историски час за вон наставни активности. За оваа потреба беше креиран Прирачник за вон наставни активности по историја, книга „13 женски приказни“ и изготвени 10 видео интервјуа со животни приказни од војната во 2001г.

ПИНА – ПЛАТФОРМА ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО И АНАЛИЗИ

ЖЕНИ НОВИНАРКИ ЗА ПОСИЛНО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

01 јуни 2019г. – 31 декември 2020г.

1.786.205 МКД

Создаден курикулум за жени новинарки

Зајакнати капацитети на 20 млади новинарки преку обуки и менторство

Одржана три дневна обука за мобилно новинарство и изработка на мултимедијални медиумски содржини

Изработени 35 медиумски производи (стории, анализи, видео прилози, итн.) пласирани на ПИНА – Платформа за истражувачко новинарство и анализи.

Зголемена соработка на ПИНА со ГО и институциите преку потпишување вкупно 15 меморандуми за соработка.

За прв пат во нашата земја беше формирана Програма за жени новинарки благодарение на проектот „Жени новинарски за посилно граѓанско општество". Програмата беше воспоставена преку изработка на курикулум, обучувачки и менторски процес кој беше финализиран со изработката на 35 медиумски производи пласирани на веб страната и социјалните медиуми на ПИНА – Платформа за истражувачко новинарство и анализи. Фокусот беше на важни општествени теми како родова еднаквост, човекови права и маргинализирани заедници, сексуално вознемирување, итн.

„Програмата придонесе за развој на иновативни вештини за поголема независност на новинарките. Проектот ги опфати младите новинарки на кои им понуди можности за поголема независност во кариерата од една страна, а од друга страна даде простор за изработка на теми кои се маргинализирани во главните медиуми", велат од ПИНА. Во програмата учество земаа 20 новинарки кои ги зајакнаа своите капацитети.

На единствениот медиумски фестивал во земјата – ИФФС кој е во организација на ПИНА, беше организирана дискусија посветена на Програмата за жени новинарки, на која, освен за проектот, се говореше и за позицијата на новинарките во медиумите. На јавниот настан беше покажана и дел од работата на новинарки во програмата. „Успешно го наметнавме наративот за посериозна анализа на позициите во медиумите, кои за жал, се уште се главно водени од мажите, особено во менаџментот, сопственичтвото и лидерските позиции", додаваат од ПИНА.

ПИНА ја зголеми соработката со граѓанските организации, но и институциите. Преку Цивика мобилитас, потпишаа меморандуми за соработка со 10 граѓански организации. Ова отвори најразлични можности за соработка и зајакнување на комуникацијата меѓу новинарите и граѓанските организации.

ЕКОЛОШКО ДРУШТВО ЗДРАВЕЦ 2002

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ЗА НЕГА НА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

1 јули 2020 г. – 31 август 2022 г.

2.339.460 МКД

Мапирани 50 стари и изнемоштени лица во руралните средини во Македонска Каменица

Обезбедени дигитални социјални услуги, паметни нараквици за 50 лица кои живеат во руралните средини во Македонска Каменица

Создаден диспечерски центар за обезбедување на социјалните услуги за нега на стари и изнемоштени лица

Обучен мобилен тим за брзо реагирање за обезбедување на нега на стари и изнемоштени лица

Во Македонска Каменица за прв пат во историјата, со иновативен, дигитален пристап започна грижа за стари и изнемоштени лица во планинските села Саса, Моштица, Косевица, Костин Дол, Луковица, Тодоровци, Дулица и Цера. „Со затворање на рудникот Саса во изминатите години голем дел од младите барајќи егзистенција го напуштија своето место на живеење и заминаа во државата и странство, оставајќи ги своите стари родители препуштени сами на себе“, раскажува Миран Митревски од здружението Здравец 2002. Ова беше главниот мотив за создавање на проектот „Дигитализација на социјалните услуги за нега на стари и изнемоштени лица во руралните средини“, со кој возрасните граѓани во руралните средини ќе бидат згрижени во секое време.

Во соработка со Здружението на пензионери од Македонска Каменица изработена е социјална карта со која е мапирана оваа категорија на граѓани, лица кои живеат сами или во заедница на територија на општината. По мапирањето на вкупно 50 стари и изнемоштени лица, обезбедени се 50 GPS паметни нараквици. Со овие нараквици од здружението лесно го следат нивното движење, здравствена состојба, а корисниците на едноставен начин може да повикаат помош за итни ситуации или да испратат гласовна порака. Тој нагласува дека е формиран и Диспечерски центар кој е целосно технички опремен, обучени се диспечери за следење на состојбата, формиран е мобилен тим кој работи на терен и е во постојана координација со стручен тим од социјален работник и психолог.

„Досега имаме вкупно 150 интервенции кај оваа група на граѓани. Најчесто им набавуваме намирници, интервенираме при обезбедување здравствена помош, а што е најинтересно бараат повторно да ги поврземе со нивното семејство. Тимот преку дигитални алатки им овозможува комуникација со членовите од семејството кои се надвор од државата“, додаваат од Здравец 2002.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ИСТРАЖУВАЊА, АНАЛИЗИ И РАЗВОЈ „ЗЕЛЕНА ЛУПА“

ЗАЖИВУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОБАЦИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО ПРЕКУ ЕФЕКТИВНИ ПАРТНЕРСТВА ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

1 јуни 2019г. – 30 септември 2020г.

1.799.569МКД

Формирано Локално координативно тело со претставници од надлежните институции, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор за спроведување на Законот за пробација

Одржани три работилници за ресоцијализација и реинтеграција за 77 затвореници

Двајца осуденици вработени во фирма за изработка на елементи од бетон по завршена обука и стекната лиценца

Информирани осудени лица за Законот за пробација

Здружението Зелена Лупа и Организацијата на жени од Струмица, кои го спроведуваа проектот „Заживување на законот за пробација на локално ниво преку ефективни партнерства во општина Струмица“, се заслужни за формирање на локалното координативно тело за спроведување на Законот за пробација, но и за поткревање на свеста кај осудените лица за нивните права по завршување на казната. Преку локалното координативно тело се воспоставува соработка и институционално вмрежување на сите засегнати страни од областа на пробацијата - надлежните институции, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор. Успешно спроведените обуки во КПУ затвор Струмица за изучување занает и добивање лиценци за затворениците, резултираа со двајца вработени во компанија за изработка на елементи од бетон, раскажуваат од Зелена Лупа. „Се надеваме дека вакви примери ќе има и во иднина што е добар знак за ресоцијализација и интеграција во општеството на осудените лица што е и главната цел на овој проект“, додаваат тие. Најпрво, тие ги анкетирале осудените лица за да проценат колку се запознаени со Законот за пробација и дали се заинтересирани да учествуваат во обуките. Потоа, пробациското службеник и Агенцијата за вработување им презентирале што се случува по пробациското план и кои се бенефициите што државата ги нуди при вработување на претходно осудени лица. На трите работилници во затворот учествуваа вкупно 77 затвореници.

За надминување на проблемите при спроведување на Законот за пробација, формирана е и Коалиција за пробација во која членуваат девет граѓански организации. „Коалицијата има тенденција преку заедничка соработка на ГО и клучните чинители да се детектираат критичните области и слабости во спроведувањето на мерките за пробација и да се подобри пробациското систем во целина“, посочуваат од Зелена Лупа.

ЗДРУЖЕНИЕ НА СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ НА ГРАД СКОПЈЕ

НЕ СЕ КЛАДИ СО ЖИВОТОТ

1 јуни 2019г. – 30 септември 2020г.

1.755.327 МКД

Анкетирани 4.000 средношколци од училишта во 8 градови за зависноста од игри на среќа и обложување

Реализирана медиумска кампања „Не се клади со животот“ за подигнување на свесноста за превенција и помош на зависници од игри на среќа

Отворена линија за бесплатно советување и помош од зависности.



Во земји со низок животен стандард, како нашата, коцкањето не е само забава, туку тоа често преминува во зависност. За да се подигне свеста за соодветно третирање, Здружението на социјални работници на град Скопје во соработка со Здружението на клубови на лекувани алкохоличари на Република Македонија ја создадоа кампањата „Не се клади со животот“, поддржана од Цивика мобилитас.

Заради подигнување на свеста и пошироката промоција на бесплатната телефонската линија за помош од зависности - 02 3212 690, здруженијата подготвија три видео спотови. На овој начин се испратија силни пораки за последиците од игрите на среќа по семејството, пријателите, кариерата и здравјето. Една од пораките се однесуваше и на честите изговори на зависниците, упатувајќи на фактот дека тие самите не се свесни дека имаат проблем со обложување туку дека го прават тоа само заради забава, или дека можат да прекинат кога и да посакаат.

Зависноста од спортското обложување и останатите игри на среќа е еден од проблемите на денешницата кој е особено широко распространет меѓу младите. Анкетата која ја спроведоа здруженијата на примерок од 4.000 средношколци покажа дека 69% од учениците барем еднаш играле некоја игра на среќа, а најчесто станува збор за лото и спортско обложување. Значајно е да се напомене дека 20% од анкетираните понекогаш или редовно се обложуваат пред вечерно излегување. Здруженијата порачуваат дека се потребни превентивни мерки со кои младите поинтензивно ќе се информираат за оваа зависност, а исто така сметаат дека локалната заедница има клучна улога во подигнување на свеста. Една од нивните препораки се однесува на отворање на советувалишта за помош и поддршка на младите соочени со овој проблем и за членовите на нивните семејства.

„Цивика мобилитас е програма на Швајцарската амбасада за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.